# Колумбија Limited Edition

## 4. ноември 2025. - 16. ноември 2025.
## 13 дена - 11 ноќи

Дали знаевте дека Колумбија е втора во #ЦелСвет најсреќна земја?

А ние сме број еден најнасмеано племе кое што постојано сака да истражува, и така жедни за авантура и езготика Ве водиме во Колумбија! Омилената туристичка дестинација во Јужна Америка, и една од најпосетуваните земји на #ЦелСвет изминатите години!

Позната по Шакира :) а понекогаш и по Пабло Ескобар, нејзината безбедност пркоси на минатото! Името го добила по Кристофер Колумбо и еден коломбиец би ви се налутил доколку не ја изговорите точно. Што е точно? Со „о“ наместо со „у“.

**Здраво Коломбијанци ☺!**

Нема да ве оптеретуваме со многу факти затоа што немаме време од уживање на најдобрите карипски плажи и гарантирано најдобриот ноќен живот на #ЦелСвет, но од корисни информации мора да ги спомeнеме: 60-те национални паркови, „течното виножито“ или единствениот **Kanjo Kristales** најубавата река на светот, розевите делфини и повеќе од 30 различни видови на егзотични овошја. Кога веќе спомнавме егзотика дали знаевте дека коломбијците во шољата со кафе ставаат парче сирење? Чистаааа егзотика. Зелени смарагди насекаде, деца кои што пијат кафе со млеко и национална химна која што свири дури 2 пати во денот, таков е законот!

Играме „техо“ додека пиеме ладно локално пиво, и се искачуваме на 740 скалила за најдобриот поглед према цела Коломбија, ах Пењол Пењол.

Здраво што ќе се напиете? Едно **aguardiente** или **biche**? Ја вкусуваме Коломбија на еден посебен начин. И така започнуваме од Богота, главен и најголем град во Коломбија. Во моментов замислете дека се наоѓаме 2.600 метри надморска височина или како што би рекле локалците „се наоѓаме 2.600 метри поблиску до ѕвездите“. Зборуваме шпански и го живееме духот на еден прав коломбијанец. **„A la orden“!** Дали разменивте коломбијски пезоси? Одиме во фабриката каде што се исковани првите пари или позната како **„Casa de la Moneda“. #Funfacts** Во Коломбија со малку пари можете да видите многу! И тоа не е се, прочитајте ја внимателно програмата!

Од Богота се упатуваме кон Меделин, што? Пабло Ескобар? Точно. Еден од „најозогласените“ градови, денес една урбана престолнина. Модерна уметност, многу култура на едно место, вкусна храна, најнасмеаните локалци што ќе ги видите некогаш, шарени улици, и тооолку многу недопрена природа, тезги, пазари, на среќата и нема крај.

И така среќни продолжуваме кон Картахена, еден од најубавите колонијални градови во Латинска Америка. Рамо до рамо со кубанската Хавана е еден од најважните градови во така наречениот „Нов Свет“. Град на бои, шарени згради, ритам на салса, најдобрите карипски плажи како од разгледница, ситен прашкаст бел песок, кристално сино море, и загарантирано најдобар ноќен живот. Ако мислевте дека некаде на светот има подобра забава? Се излажавте, **una Lulada porfavor!** А Картахена не би била целосна ако не се сончаме и бањаме на **Isla del Rosario,** остров кој што е рамо до рамо со Малдиви**,** погледнете го од блиску тој тиркиз**..** Се бањаме и на **Playa Blanco** најубавата плажа на светот, мириса на море и на Колумбија! Дали си спремен за овој егзотичен мирис во еден здив?

## ~~□ LIMITED OFFER□~~

## План и програма

### Ден 1: Состанок на патниците и поаѓање

Состанокот на патниците и трансфер до Меѓународниот аеродром во Белград. Лет од Белград до Франкфурт. Преседнување на лет за Богота.

***Напомена: Поаѓањето се реализира од Белград (Jungle Travel d.o.o. Beograd, Srbija)***

**Превоз**
Трансфер од Скопје до Меѓународниот Аеродром во Софија
Индивидуален авио билет со сите такси на релација Белград - Богота (Lufthansa), во економска класа со вклучен багаж

**Место**
Белград, Франкфурт

### Ден 2: Факултативен излет - Bogota City Tour

**Hola!! Bienvenidos a Colombia, авантурата започнува!** Пристигнување во Богота. Денот ни започнува со возбудливо патување низ минатото на Богота, уникатен град каде се испреплетуваат модерната архитектура и колонијалното наследство на Шпанците. Истражуваме места полни со приказни, култура, уметност и локална кујна. Нашата авантура ја започнуваме во стариот град попознат како Ла Канделарија, на чиј плоштад Chorro de Quevedo Богота била основана во XVI век. Ја истражуваме целата област на Канделарија со посетување на музеи и плоштадот Боливар, во близина на овој плоштад се наоѓаат и градската катедрала и националниот парламент. Продолжуваме во Музејот на Фернандо Ботер -- најпознатиот Колумбијански уметник и музјеот "Casa de la Moneda" или домот на парите. Авантурата ни продолжува кон иконскиот симбол на Богота -- ридот Monserrate кој се издига до 3.152 метри надморска височина, до него стигнуваме со жичарница од која имаме незаборавен панорамски поглед на Богота. На самиот врв се наоѓа и црква каде ја чуваат познатата статуа на ,,Господарот на чудата".

**Сместување**
Hotel bh Bicentenario **(1 ноќ)**

**Место**
Богота

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Факултативни излети**
Bogota City Tour

### Ден 3: Лет за Меделин

Локален лет од Богота за Меделин -- градот на вечната пролет. Трансфер до сместувањето. Слободно време за истражување на еден од најпознатите градови во Колумбија.

**Превоз**
Локален авио билет со сите такси на релација Богота - Картагена, во економска класа со вклучен багаж

**Сместување**
Хотел *** во Меделин **(1 ноќ)**

**Место**
Богота, Меделин (Medellin)

### Ден 4: Слободен ден за уживање на карипскиот рај!

Слободен ден за уживање!!

**Сместување**
Хотел *** во Меделин **(1 ноќ)**

**Место**
Меделин (Medellin)

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Ден 5: Факултативен излет -- Medelin City Tour**

Лет од Богота до Меделин. Тадааам! пристигнавме во градот на шарените улици. Правиме check-in во нашиот хотел и започнуваме со истражување на градот! Меделин е вториот по големина град во Колумбија. Град кој некогаш бил познат како домот на Пабло Ескобар, а денес е еден од најпознатите урбани центари на Колумбија. Го истражуваме центарот на Меделин, полн со историја и пеачките ноти на традиционалната музика - Guasca, свирени од музичари во паркот Берио. Одиме на најпознатиот плоштад во Меделин -- плоштадот Ботеро. Таму се познатите ликови на познатиот уметник Фернандо Ботер. Ќе ги посетиме и Ботаничката градина и музејот „Casa de la memoria". Потоа со жичарницата се качуваме до ридот Санто Доминго, од каде ја започнуваме таканаречената Графити тура во популарната населба „Комуна 13".

**Превоз**
Локален лет Богота - Меделин во економска класа со вклучен багаж.

**Сместување**
14 Urban Hotel **(1 ноќ)**

**Место**
Богота, Меделин (Medellin)

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Факултативни излети**
Medelin City Tour

**Ден 6: Факултативен излет - El Peñón & Guatapé**

Ова е нова можност да се запознаете со природните убавини на Колумбија, се оддалечиме од градската врева и заминуваме во мирниот и живописниот Гуатапе. Овој шармантен град е еден од најфотогеничните гратчиња во Колумбија. Ќе поминеме низ градовите Маринилља (*Marinilla*), каде што ќе најдеме колонијални згради и ќе ја почувствуваме страсната религиозна традиција на овој крај. Попатно застануваме во општината Ел Пењол, град кој бил поплавен за да може да се изгради брана за електрична енергија. Покрај браната е изграден нов град или "Новиот Ел Пењол". Се шетаме по улиците на овој град и посетуваме реплика на стариот Ел Пењол. Продолжуваме во шарениот Гуатапе -- град изграден кон крајот на седумдесеттите. Она што е карактеристично за Гуатапе е тоа дека на долните делови од куќите се насликани со различни детаљи, а фасадите се во силни бои што ова гратче го прави едно весело и опуштено место. Многу шарени куќи во колонијален стил, со тесни улички и продавници за сувенири. Место кое не смеете да го пропуштите во овој целиот регион е и тврдината *Piedra del Peñol* – карпата *Peñol* до чиј врв водат 740 скали! Од врвот можете да уживате во неверојатниот поглед на околината околу езерото и целиот регион! Вечерно излегување на пијачка и потоа во некој од локалните клубови. Дали знаевте дека Меделин е прогласен за град со најдобриот ноќен живот на #целсвет!!!

**Сместување**
14 Urban Hotel **(1 ноќ)**

**Место**
Меделин (Medellin)

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Факултативни излети**
El Peñol & Guatape

**Ден 7: Лет до Картахена**

Локален лет од Меделин до Картахена -- Колумбиското Мајами! Трансфер до сместување и слободно време да го истражиме овој фасцинантен град!

**Сместување**
Хотел *** во Картахена **(1 ноќ)**

**Место**
Картагена (Cartagena)

**Храна**
Континентален појадок × 1

### Ден 8: Факултативен излет - Cartagena City Tour

Утрински лет од Меделин до Картахена. Град кој е под заштита на УНЕСКО. Денешната авантура ја започнуваме со најлуксузната област во Картахена -- Бокагранде (областа каде што и сме сместени) и населбата Манга, хипи населба која се наоѓа на брегот на карипското море, каде ќе ги доживееме шарените куќи изградени во колониален стил. Потоа ќе го посетиме дворецот кој Шпанците настојувале да го заштитат од нападите на Англичаните во XVII век, *"El Castillo De San Felipe de Barajas*". Авантурата ни продолжува со прошетка низ историскиот центар на овој прекрасен град. Стариот град е најубавиот дел на колонијалната архитектура во Колумбија - камени улици и згради стари повеќе од 300 години во најразновидни бои. Вечерта танцуваме меренга -- колумбиски танц, на еден од плоштадите на стариот град! Ноќевање.

**Превоз**
Локален лет Меделин - Картахена во економска класа со вклучен багаж.

**Сместување**
Oz Hotel Cartagena **(1 ноќ)**

**Место**
Картагена (Cartagena)

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Факултативни излети**
Cartagena City Tour

### Ден 9: Слободен ден за уживање на карипскиот рај!

Слободен ден за уживање во колумбиското Мајами!! Слободно време да посетиме некој од локалните beach барови, да докупиме уште по некој сувенир и целосно да се опуштиме -- ова е нашиот последен ден во овој егзотичен град. За да се поздравиме со овој неверојатен град има можност да се организира крстарење на зајдисонце по карибите, ја пиеме нашата омилена пијачка и се забавуваме со нашето насмеано племе!!

**Сместување**
Oz Hotel Cartagena **(1 ноќ)**

**Место**
Картагена (Cartagena)

**Храна**
Континентален појадок × 1

### Ден 8: Факултативен излет -- Playa Blanca & Baru Island Paradise

Playa Blanca е сместена на Isla Baru југозападно од Картахена, Playa Blanca или Белата плажа е една од омилените плажи помеѓу локалците и ги поседува сите оние работи кои што треба да ги поседува една плажа од соништата -- мек бел песок, кристално чиста сина вода и илјадници палми кои што се огромни и си виорат со мирниот ветар, а воедно создаваат една идилична готово имаигнарна слика на егзотика. За добредојде насмеаните локалци ни послужуваат пијачка, потоа продолжуваме на нашите лежалки на самата плажа. Цел ден уживаме во егзотиката на карибите и незаборавните коктели на Коломбијанците!!

**Сместување**
Oz Hotel Cartagena **(1 ноќ)**

**Место**
Картагена (Cartagena)

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Факултативни излети**
Playa Blanca & Baru Island

### Ден 9: Слободен ден за уживање на карипскиот рај!

Слободен ден за уживање во колумбиското Мајами!! Слободно време да посетиме некој од локалните beach барови, да докупиме уште по некој сувенир и целосно да се опуштиме -- ова е нашиот последен ден во овој егзотичен град. За да се поздравиме со овој неверојатен град има можност да се организира крстарење на зајдисонце по карибите, ја пиеме нашата омилена пијачка и се забавуваме со нашето насмеано племе!!

**Сместување**
Oz Hotel Cartagena **(1 ноќ)**

**Место**
Картагена (Cartagena)

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Ден 10: Факултативен излет - Isla del Rosario**

Ден за уживање на Карибите! Се возиме со глисер до еден од најегзотичните острови на карибите -- островот Росарио. Сцена како од филм, замислете си мал егзотичен рај во буквална смисла на зборот. Стотици палми, бел песок и најтиркизното карипско море!! Овие острови се најубавиот пример за 46-те национални паркови во Колумбија. Уживаме во коралните плажи и ќе се восхитуваме на разновидноста на животинскиот свет на гребенот. Идеално место  за одмор и пливање. Вечерно дружење на плажа.

**Сместување**
Хотел *** во Картахена **(1 ноќ)**

**Место**
Картагена (Cartagena)

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Ден 11: Богота и Факултативен излет - Zipaquirá солената катедрала.**

По појадок правиме check-out од нашиот хотел во Картахена и имаме трансфер до аеродром. Повторно се враќаме во незаборавната Богота. Правиме check-in во нашето сместување. Време е за посета на една од најпознатите атракции во Коломбија. Го посетуваме градот Зипакира, кој на јазикот на народот Chibcha значи „град на нашиот Татко“. Во предколумбискиот период, солта била најголем извоз на оваа област, а „солените колачи“ биле единствената валута за трговија. Со текот на времето, локалците почнале да ископуваат поголеми количини сол и така се создало подземниот рудник на сол. Во 1995 во овој рудник е изградена Солената катедрала, 180 метри под земја. Катедралата е навистина фасцинантна и е поделна во 3 дела -- секој дел опишува различен дел од животот на Исус Христос. Враќање во нашето сместување каде ја пиеме нашата последна пијачка за време на оваа незаборавна авантура!!

**Превоз**
Локален лет Картахена - Богота во економска класа со вклучен багаж.

**Сместување**
Hotel bh Bicentenario **(1 ноќ)**

**Место**
Картагена (Cartagena), Богота

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Факултативни излети**
Zapaquirá – Солената Катедрала

**Ден 12: Напуштање на сместувањето и трансфер до Аеродром.**

Ова е нашиот последен ден во Богота, правиме check-out од нашиот хотел и имаме трансфер до аеродром. Попладневен лет од Богота за Франкфурт.

**Превоз**
Трансфер од сместување до аеродром.
Индивидуален авио билет со сите такси на релација Богота - Белград(Lufthansa), во економска класа со вклучен багаж

**Место**
Богота

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Ден 13: Враќање и крај на патувањето**

Пристигнување во Франкфурт. Преседнување на лет за Белград. Пристигнување во Белград. **Крај на патувањето.**

**Место**
Франкфурт, Белград

**Цени и услови**

**Што е вклучено**

Регуларна цена
**2.299,00** EUR

**ULTRA FIRST MINUTE!**
Попустот важи за пријави до **30.05.2025.**
**2.099,00** EUR

**Не е вклучено**

- Меѓународно здравствено осигурување (може да се уплати во агенцијата)

- Факултативни излети и влезници за културно-историски споменици

Сите уплати се вршат **исклучиво во денарска противредност** по курс од 62 денари за 1 евро и тоа:**при пријавување се плаќаат 200€ (12.400,00 МКД) по лице.** Преостанатиот дел се плаќа **најдоцна 40 дена пред поаѓање.** Можност за плаќање преку трансакциска сметка (на фактура) и со платежни картички Visa, Master, Maestro.

Препорачуваме рано пријавување на патници заради ограничениот број на места. При пријавувањето потребно е да се достави скренирана прва страница од патната исправа, која е валидна за датумот на патувањето (има важност минимум 6 месеци по датумот на враќање и има доволно празни страници во текот на патувањето), во спротивно агенцијата не одговара за печатење на авио билетот со погрешни податоци.

**Факултативни излети**

**Bogota City Tour**

**Цена**: од **35,00** USD до **40,00** USD

Денот го започнуваме со едно од највозбудливите чувства - спојување на минатото и сегашноста на Богота. Ги истражуваме сите оние места кои што се богати со приказни, уметност, култура но и локална кујна која што верувајте не постои човек на светот кој што не би ја пробал повторно. На излетот сме придружувани од водич кој што го доловува уникатниот контраст на класичен и современ стил кој што го прават самиот град неверојатно жив. Одиме на „El chorro de Quevedo“ или местото каде што е основана Богота, но не можеме и да не поминеме на плоштадот Bolivar и областа Канделарија каде што ги посетуваме едни од историски најдобрите музеи познати како Gold Museum, Casa de la Moneda и Donacion Botero. Денот продолжува кон иконскиот симбол на Богота, ридот Monserrat кој што се искачува на неверојатни 3.152 метри надморска височина. И сето тоа за да можеме да го посетиме светилиштето каде што се наоѓа „Статуата на Господарот на чудата.“ Денот го завршуваме со најдобриот поглед према Богота.

**Во цената на излетот е вклучено: влезница на Monserrate Hill, локален водич, преставник од агенцијата.**

**Medelin City Tour**

**Цена**: **40,00** USD

Го истражуваме заедно главните атракции на градот па започнуваме од паркот San Antonio, попатно продолжуваме кон плоштадот кој што не може а да не го видиме односно San Ignasio, од тука се упатуваме кон Avenida La Playa, и Parque de las Esculturas, токму овој парк е домаќин на повеќе од 20 скулптури кои што се донирани од страна на популарниот скулптур мајстор Фернандо Ботеро, веќе навлегуваме и се осеќаме како вистински колумбијци, па затоа продолжуваме додека не држи овој истражувачки дух кон Parque de los Desos и сега реновираниот Конвенциски центар познат како La Macarena Кој што порано бил ринг за борба со бикови. Како од филмовите. El Poblado е 14-та комуна на Меделин, област со високи облакодери и најпознатите згради кои што го носат името Златни Јаболка. Дојдовме до Comuna 13 и спремни сме да уживаме во една незаборавна прошетка покрај стотици графити, кои што и не се само цртежи по улиците туку се борба за социјална трансформација. Овие мурали се направени од различни уметници кои своите сурови животни приказни и онаа трошка надеж ги имаат насликано и ги имаат со помош на бои раскажано. Завршуваме со посета на иконските „електрични скали“ кои што се меѓу најпознатите во Комуна 13 или како што би рекле локалците, „скали кон рајот“.

**Во цената на излетот е вклучено: трансфери според предвидениот план и програма, карта за Cable car, ужинки, локален водич, преставник од агенцијата.**

**El Peñol & Guatape**

**Цена**: **65,00** USD

Ајде да избегаме од градскиот метеж и да се опуштиме во мирниот и живописен Guatape! Овој шармантен град е еден од најфотогеничните градови во Колумбија. Ќе видиме големи колонијални згради и ќе ја осетиме страствената религиозна традиција на овој крај, новиот El Peñon, општината која што го има заменето стариот El Peñon кој бил реставриран за да се изгради и самиот резервоар El Peñon – Guatape далечните седумдесети години. Тоа што е карактеристично за Guatape е дека на долните делови од локалните куќи се отсликани различни детаљи додека фасадите се во јаки бои, па затоа тоа го прави овој град весел шарен и опуштен. Она кое што е главна атракција во целиот регион е и Piedra del Peñol – карпата El Peñon каде до самиот врв ве водат неверојатни 740 скалила! Кога сме веќе искачени на врвот уживаме во прекрасниот поглед на околните езера како и на целиот регион. Искачувањето е опционално.

**Во цената на излетот е вклучено: трансфери според предвидениот план и програма, влезница на карпата El Peñon, ручек, преставник од агенцијата.**

**Cartagena City Tour**

**Цена**: **30,00** USD

Излетот го започнуваме во модерните населби Бокагранде (*Bocagrande*) и Манга (*Manga*), каде ќе видиме контраст помеѓу модерната архитектура и убавината на старите куќи од XX век. Потоа ќе го посетиме дворецот кој Шпанците настојувале да го заштитат од нападите на Англичаните во XVII век, *“El Castillo De San Felipe de Barajas*“. На крајот ќе го разгледаме историскиот центар на градот, ќе ја посетиме црквата *San Pedro Claver*, а потоа и Музејот *Emerald*. Во цената на излетот е вклучено: локален водич, трансфер, влезници за музејот и тврдината.

**Playa Blanca & Baru Island**

**Цена**: **25,00** USD

Playa Blanca е сместена на Isla Baru југозападно од Картахена, Playa Blanca или Белата плажа е една од омилените плажи помеѓу локалците и ги поседува сите оние работи кои што треба да ги поседува една плажа од соништата.

Мек бел песок. *Има.* Кристално чиста сина вода налик оние од разгледниците. *И тоа има.* Палми кои што се огромни и си виорат со мирниот ветар а воедно создаваат една идилична готово имаигнарна слика на егзотика. *И тие се таму.*

**Zapaquirá – Солената Катедрала**

**Цена**: **80,00** USD

Започнуваме со прошетка на градот **Zapaquira** кој што на **chibicha** јазикот значи „градот на нашиот татко“. Во пред-коломбијскиот период најпродаваната работа биле „солените колачи“ кои преставувале и единствена валута за трговија. Во срцето на **Zapaquira** се наоѓа и Солената катерала **Zapaquira** која се смета за историско, културно и верско наследство. Храм кој што е изграден во рудниците за сол во **Богота**. Истата е прогласена за првото чудо во Колумбија и во многу наврати се смета

за 8-мо светско чудо. Новата катедрала официјално е отворена на 16 дек. 1995 година. Во нејзината внатрешност се наоѓа богата уметничка колекција, посебно скулптури од сол и мермер кои се сметаат за доста религиозни. Сместена е на 180 метри под земја. Препорачуваме да носите пролетна јакна и удобни чевли.

**Во цената на излетот е вклучено: трансфери според предвидениот план и програма, влезница за Zipaquirá Salt Cathedral, локален водич, преставник од агенцијата.**

**Сместување**

**Hotel bh Bicentenario** ****

**Ова е пример сместување кое може да го очекувате. Договореното сместување може да биде поинакво, но слично во она што го пружа.**

Hotel bh Bicentenario е сместувачки објект со 4* кој се наоѓа во Богота, Колумбија. Хотелот се наоѓа во најдобриот кварт во строгиот центар на Богота -- La Candelaria и на само 1 минута од познатиот Ботеро Музеј. Сите соби се модерно уреден и имаат WiFi, сеф, сопствено купатило, фен, клима уред, тоалети и телевизор со сателитски канали. Хотелот располага и со сопствен ресторан и бар кои се достапни за сите гости.

**Сајт**
https://www.bhhoteles.com/bh-bicentenario

**Адреса**
Cra 4 No 16-03
111711 Bogotá
Colombia

**14 Urban Hotel** ***

**Ова е пример сместување кое може да го очекувате. Договореното сместување може да биде поинакво, но слично во она што го пружа.**

14 Urban Hotel е сместувачки објект со 3*, кој се наоѓа на една од најдобрите локации близу до El Poblado Park во Меделин, Колумбија. Хотелот располага со сопствен ресторан и руфтоп тераса со прекрасен поглед над градот. Сите соби се опремени со телевизор, бесплатен WIFI, фен, минибар, шампон и сопствен тоалет.

*Услугата е на база ноќевање со појадок*

**Сајт**
https://14urbanhotel.mydirectstay.com/

**Адреса**
Carrera 36 # 8a-74
El Poblado
050021 Medellín
Colombia

**Oz Hotel Cartagena** ****

**Ова е пример сместување кое може да го очекувате. Договореното сместување може да биде поинакво, но слично во она што го пружа.**

Oz Hotel Cartagena се наоѓа во најгламурозното маало во Картахена -- Бокагранде. Маало познато по прекрасни плажи и beach барови, луксузни кафулиња и ресторани. Хотелот се наоѓа на само 200 метри од плажа и располага со сопствен бар, ресторан и руфтоп тераса со прекрасен поглед над градот! Сите соби се климатизирани и имаат сопствено купатило, телевизор, сеф, фен, минибар, шампон итн.

*Услугата е на база ноќевање со појадок.*

**Сајт**
https://www.ozhotel.com.co

**Адреса**
Carrera 3 Nª4-61
Bocagrande
Bocagrande
570005 Cartagena de Indias
Colombia

**Хотел *** во Меделин**

**Ова е пример сместување кое може да го очекувате. Договореното сместување може да биде поинакво, но слично во она што го пружа.**

Хотел *** во Меделин е сместувачки објект кој располага со двокреветни соби со сопствен тоалет. Услугата е на база ноќевање со појадок.

**Хотел *** во Картахена**

**Ова е пример сместување кое може да го очекувате. Договореното сместување може да биде поинакво, но слично во она што го пружа.**

Хотел *** во Картахена е сместувачки објект кој располага со двокреветни соби со сопствен тоалет. Услугата е на база ноќевање со појадок.

**Превоз**

**Места**

**Белград**

Белград (српски: Београд или Beograd) е главен град и најголем град во Србија. Градот се наоѓа на устието на реките Сава и Дунав во централна северна Србија, на местото каде што Панонската Низина се сретнува.

**Франкфурт**

Франкфурт на Мајна или само Франкфурт (германски: Frankfurt am Main) — најголемиот град во германската покраина Хесен и петти по големина во Германија.

**Богота**

Богота е главен и најголем град на Колумбија со околу 8 милиони жители. Целото име на овој град кој се наоѓа на надморска височина од преку 2,600м е *Santa fe de Bogota.*

**Меделин (Medellin)**

Меделин (Medellin), град кој го носи епитетот "Град на вечната пролет" или "Престолнина на цвеќето" поради својата поволна клима. Некогаш бил познат како град на Пабло Ескобар со оглет на тоа дека овој прочуен нарко дилер живеел во овој град. Денес тој е возбудлив и модерен град кој нуди голема понуда.

**Картагена (Cartagena)**

Картагена е карипско пристаниште од XVI век. Нејзините тврдини и стариот град некогаш ги одбивале пиратите, а денес привлекуваат голем број туристи со што ја прави Картагена најпосетен град во Колумбија. Овој град плени со своите тесни камени улични, шарени колонијални згради и плоштади од кои се слуша латино музика. Во околината на градот може да уживате во прекрасни плажи.

**Корисни информации**

**Колумбија**

**1.ОПШТИ ПОДАТОЦИ**

Република Колумбија е држава која се наоѓа на северозападот на Јужна Америка. На север и на северозапад излегува на Карипско море, а на запад на големиот Тихи океан. Колумбија по површина е четврта најголема земја во Јужна Америка. Еден од главните производи на оваа земја е кафето.

**Површина:** 1,141,748 $km^2$

**Број на жители:** 49 милиони

**Главен град:** Богота (8 милиони)

**Националност:** Колумбијци (претежно местици)

**Официјален јазик:** Шпански

**Вероисповест:** Католици

**Независност:** 07.08.1819.

**2. ВИЗА**

За државјаните на Р.С. Македонија не е потребна виза за туристичка посета.

**3. ВРЕМЕНСКА ЗОНА**

Временската зона е UTC -5.

**4. КЛИМА**

Колумбија е огромна земја и поради тоа се карактеризира со повеќе климатски зони: дождливи шуми, савани, пустини и планини. Во главниот град Богота просечната годишна температура е 15°C, а најтопли месеци се март и април со температура од околу 20°C. Маглата исто така е честа појава. Меделин се наоѓа во тропски појас, а со оглед на тоа што градот се наоѓа на 1500м надморска височина просечната годишна температура е 22°C и не се менува многу во текот на годината. Температурата е уште поповолна на брегот на Карибите каде просечната температура е 27°C. Сушниот период во овој дел на државата трае од ноември до мај.

**5. ХРАНА**

Колумбијската храна е многу разновидна благодарение на географската разноликост, тропската клима и влијанието на различни имигрантски популациии- всушност секој има свои специјалитети. Колумбијската кујна нуди различни видови на храна со доста месо. Како главни прилози најчесто ги додаваат пченката и гравот. Најпопуларниот појадок скоро секаде вклучува арепа, нешто меѓу леб и палачинки од пченично брашно, често полнета со јајце. Колумбија може да се пофали со околу 250 видови овошје и скоро исто толку видови зеленчук. Оние нам познати како на пример ананас, банана, манго и некои потполно едиствени феихоа, ниспero, јука... Специјалитети на оваа кујна се и чорбите. Чорбата S*an Cocho* се прави од риба или пилешко и комбинација на друго месо и додаток на некој од членовите на семејството компири (бел, црвен и креолски компир, јука и јам) и кромид. *Ajiaco* е прилично тешка супа базирана на компир која е особено популарна во и околу Богота. Додатни состојки се парчиња пилешко, пченка, капар и павлака. *Ajiaco* обично се служи со ориз и свежо авокадо. Можете да се "засладите" и со чичарони- некоја врста на нивни чварки. Во секој случај во Колумбија нема да останете гладни!

**6.ВАКЦИНИ И ЗДРАВСТВЕНА СИТУАЦИЈА**

За влез во Колумбија не е потребна против жолта грозница и со оглед на пределите кои ги посетуваме и местата кои се предвидени според планот и програмата нема опасност од тропски болести. Пожелно е да се понесат лекови за стомак (пробиотици), Фервекс или некои лекови за болка и температура за секој случај. Доколку не

понесете со вас, не е ништо страшно може да се купат и од аптеките таму.

**7. ОСИГУРУВАЊЕ**

Осигурувањето не е задолжително, но е препорачливо. Можете да го подигнете во било која осигурителна компанија или да го уплатите во нашата агенција најдоцна 5 дена пред поаѓање.

**8. БЕЗБЕДНОСТ**

Колумбија се смета за безбедна држава во Јужна Америка, без оглед на нејзината бурна историја, многу политички прашања се целосно решени и владата како и луѓето настојуваат да го подигне туризмот на високо ниво. Во моментов Колумбија е една од најпознатите туристички дестинации во Јужна Америка. Треба да водите сметка за ситни кражби и џепароши како и во било кој европски град.

**9. ОБЛЕКА**

Спакувајте слоевита облека и понесете што помалку работи! Со обзир на тоа што во Богота просечните температури се 15°C за овој град е потребно да понесете потопла облека (јакнички, панталони, блузи..). Во другите телови на земјата (Меделин и брегот на Карипското море) се високи температурите и за таму се препорачува носење лесна летна гардероба. Исто така се препорачува носење шешир и капа за деновите кои ги поминуваме на плажа.

**10.ПАРИ**

Како и во другите латиноамерички земји, најприфатена странска валута е американскиот долар кој изнесува 1 USD = 2.900 пезоси. Евра не може да се сменат во повеќето менувачници освен во поголемите банки. Прифатливи се најпознатите светски платежни картички, првенствено Visa i Master Card.

**11. КОМУНИКАЦИЈА**

Нашите мобилни мрежи функционираат во Колумбија, а секако може да купите и локална СИМ картичка. WiFi имате во сите сместувања и ресторани, така што нема да имате проблем во одржувањето на комуникација со семејството и пријателите.

**Важни напомени**

**Напомени:**
**Општи напомени:**

- Организатор на патувањето е ТА ЦЕЛ СВЕТ ДОО СКОПЈЕ со лиценца УП 113-289 ОД 17.07.2024 година.
- При пријавување, потребно е да доставите копија од пасош/податоци од пасошот со кој патникот ќе патува на самото патување. Патникот мора задолжително да го провери траењето и исправноста на патниот документ, како и бројот на слободни страници потребни за патувањето.
- Сите пасоши мораат да имаат рок на важење минимум 180 дена (6 месеци) од датумот на враќање во земјата.
- Организаторот на патувањето го задржува правото на измена на одредени содржини од програмата, во случај на вонредни околности и работи кои агенцијата не може да ги предвиди, за време на склучување на договорот.
- Организаторот на патувањето не е овластен и не ја проценува валидноста на патните и други исправи.
- За сите информации кои се дадени по усмен пат, агенцијата не сноси никаква одговорност.
- Потписникот на Договорот за патување или претставникот на групата на патници е задолжен да ги информира и запознае сите патници со договорениот програм на патување, условите на плаќање, визирање и ОПШТИТЕ УСЛОВИ НА ПАТУВАЊЕ НА ТА ЦЕЛ СВЕТ од СКОПЈЕ.
- Патниците се должни, два дена пред поаѓање, да го проверат точното време и место на поаѓање на групата.
- Патникот е должен сам да се запознае со правилата на однесување во земјата во која патување и да ги почитува важечките законски царински прописи.
- Во превозните средства најстрого е забрането пушење, конзумирање на алкохол и опојни средства.
- Патниците се дожни да, во автобусите и другите превозни средства со кои се врши трансфер, останат на своите места и не смеат истите да ги напуштаат на места кои не се предвидени за пауза (граници, чек-поинт станици, патарини итн). Во случај патникот да го напушти возилото без претходен договор со претставникот на агенцијата, истиот сам ги сноси сите трошоци и последици.
- Патникот кој преку неадекватно однесување, ги вознемирува останатите патници или смета на шоферите и/или придружникот на групата во својата работа, ќе биде одма исклучен од патувањето и целата одговорност преоѓа на него/нea, без право на жалба и враќање на пари.
- Патникот е должен да ја почитува "саатницата" одредена од страна на претставникот на агенцијата на патувањето, во спротивно, претставникот на агенцијата има право да го исклучи патникот од патувањето.
- Во туристичките автобуси не е можна употреба на тоалет. Во согласност со планот и програмот на патувањето, паузи се прават на 3-4 часа (во зависност од локацијата и опремeноста на бензинските станици), кои патниците можат да ги користат за употреба на тоалет.
- Агенцијата го одредува распоредот на седење, местото на поаѓање, местата за паузи и времетраењето на истите. Со плаќање на превозот, патникот го прифаќа горенаведеното, без право на приговор и жалба.
- Аранжманот е направен на база на минимум 10 патници за далечни патувања и 50 патници за европски патувања.
- Во случај на недоволен број на патници за реализација на аранжманот или други објективни околности, организаторот на патувањето ги информира патниците дека аранжманот е откажан – најкасно 10 дена пред датумот на поаѓање за далечни патувања и 5 дена пред датумот на поаѓање за европски патувања.
- Кај аранжманите кои вклучуваат превоз со авион, по купување на авио картата, невозможно е средствата да се вратат и во тој случај – важат условите на авио компанијата.
- Кај аранжманите кои вклучуваат low-cost авио компании, во случај на одложување на летот, откажување или губење на конекциите, патниците се дожни сами да ги платат новонастанатите трошоци и агенцијата не може да влијае на околностите кои се надвор од нејзиниот домет.
- Цените на low cost аранжманите се подложни на промена. По уплата на авансот се проверуваат тарифите и на патникот му се потврдува цената на аранжманот.
- Агенцијата не сноси одговорност доколку дојде до промена на авио конекциите од страна на авио компаниите.
- Саатниците на летовите наведени во планот и програмот или добиени од страна на агенцијата се подложни на менување и зависат исклучиво од авио

компанијата.

- Агенцијата го задржува правото да го одбере превозното средство за трансфер. Трансферот се врши до самото сместување, доколку истото е физички возможно.
- За сите понудени или достапни дополнителни доплати, кои имаат врска со планот и програмот на патувањето, или сместувањето, потребно е да се изјасните при пријавување.
- Доколку некој патник сам одлучи да смени дел од планот и програмот на патувањето, агенцијата нема обврска на тој патник да му обезбеди трансфер/ран или доцен check-in или check-out во сместувањето/различни ноќевања во сместувањата, од она што е предвидено со планот и програмот на патувањето.
- Малолетните патници за време на патувањето мора да имаат заверена согласност од родителите.
- Заради почитување на саатниците предвидени со програмот на патување, како и почитување на времето на останатите патници од групата, не постои можност за задржување на границите кои претставуваат излез од Европска Унија, поради заверување на сметки и враќање на данок од Европската Унија (TAX FREE)
- Наша препорака е да водите сметка за вашите лични документи и пари на Вашето патување.
- За овој аранжман се применуваат ОПШТИТЕ УСЛОВИ ЗА ПАТУВАЊЕ.

**Напомени во врска со сместувањето:**

- Организаторот на патувањето, ТА ЦЕЛ СВЕТ, го задржува правото на распоред по соби, во согласност со структурата на собите во сместувачкиот објект. Доколку постои можност, агенцијата се труди да излезе во пресрет на желбите на патниците (Ве молиме да имате разбирање. Ова патување пред с треба да биде авантура и добра забава).
- Во сместувачките објекти се влегува првиот ден од престојот во согласност со правилата на самиот сместувачки објект.Начесто, check-in е во попладневните часови (14h или 15h), а check-out – последниот ден од престојот, најчесто до 10h или 11h.
- Описите на сместувачките објекти се од информативен карактер.
- Некои од дополнителните содржини на сместувачките објекти се достапни со доплата. Постои можност на отстапувања и промена на достапноста на некои содржини, бидејќи истите зависат исклучиво од сместувачките објекти (нпр. Сеф, паркинг, мини-бар, ТВ, клима уред...)
- Патникот е должен да ги почитува правилата на сместувачкиот објект и сам сноси одговорност доколку дојде да санкционирање од страна на персоналот на сместувачкиот објект
- Во некои сместувачки капацитет во Азија, Африка и Латинска Америка – нема врела вода.
- Сместувачките капацитети ги сместуваат патниците и го одредуваат распоредот и типот на собите спрема својата расположливост во дадениот момент. Агенцијата не е во можност да им потврди на клиентите дали креветите ќе бидат twin (раздвоени) или double (голем француски лежај), како ни спратноста во самото сместување, освен доколку тоа не е посебно назначено во Договорот. Клиентот со уплата на аранжманот се согласува со овие факти и условите на сместувањето, без право на жалба.
- Патниците кои што патуваат сами во некои програми имаат можност да со доплата, престојуваат сами во еднокреветна соба. Доколку патникот сака да се спои со некој од другите патници од групата и не сака да плаќа доплата, прифаќа да се спои со било кое лице од групата, без оглед на возраста и полот на сопатникот. Во овие ситуации, агенцијата апсолутно не одговара за било какви евентуални непријатност или несогласувања кои патниците можат да ги имаат за време на патувањето.

**Напомена во врска со факултативните излети:**

- Факултативните излети не се задолжителен дел од патувањата и за факултативните излети не е обезбедена заштита во поглед на гаранција за патувањето.
- Термините и цените на факултативните излети се променливи и зависат од слободните термини по локалитетите, бројот на пријавени патници и други објективни околности.
- Факултативните излети се реализираат од страна на локални агенции. ТА ЦЕЛ СВЕТ не е во можност да влијае на работи кои се надвор од нејзиниот домет, односно се врзани за самата реализација на излетот.
- Факултативните излети се реализираат од локални туристички водичи, на самите локалитети, на англиски јазик. Со плаќање на излетот, патникот ги прифаќа сите услови на локалната агенција, без право на жалба.
- Агенцијата не може да влијае на времетраењето на патувањата до локалитетите, времето на поаѓање, враќање или обиколка, како ни стручноста на локалните водичи.
- При уплата на факултативен излет, патникот ги прифаќа условите на локалната агенција која е организатор на излетот. Доколку еден патник уплаќа излет во име на други патници, истиот е должен да ги извести сопатниците за условите на локалната агенција. Било какви измени и откажување од излетот по уплатата, не се возможни, ниту е возможно, под било кои околности, да се рефундираат уплатените средства.
- Се молат сите патници, пред уплаќање на факултативен излет, да се информираат и упознаат со предвидениот план и услови за факултативниот излет.

**Напомена во врска со визите**:

- Патниците задолжително мора да се запознаат со визниот режим на државата во која патуваат.
- Некои амбасади бараат задолжително присуство на патникот за аплицирање за виза. Патниците се должни да ги испочитуваат правилата на амбасадата,
- Патниците се должни да ги доставаат документите за визирање, најдоцна 1 месец пред патувањето, а доколку не ги достават во наведениот рок, должни се сами да ја обезбедат визата за патување.
- Патниците кои не поседуваат нови биометриски пасоши на Република Македонија, должни се сами да се запознаат со визниот режим на државите во кои патуваат и сами да ги обезбедат визите за патување.
- Агенцијата не гарантира дека на патникот ќе му биде одобрена виза и не е овластена да утврдува валидност на документи.
- Агенцијата не сноси одговорност во случај на недобивање на виза.